**РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

# НА

# РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 01. Октомври. 2009 год.**

Врз основа на член 14, 15, 16, 17, 22, 34, 38 и 40 од Статутот на Ракометната федерација на Македонија, Управниот Одбор на РФМ на седницата одржана на ден 01 .10. 2009 година, донесе:

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК НА РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## И . ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Дисциплинскиот Правилник на РФМ (во натамошен текст) се утврдуваат прекршоците, одговорноста, постапката на органите надлежни за спроведување на утврдување на одговорноста, казната и нејзиното изрекување, правото на заштита на правата по изречената казна на членовите и ракометните организации.

### Член 2

Со овој Правилник се одредуваат правилата на однесување, постапката, чинењето и не чинењето на одредени дејствија за кои е предвидена дисциплинска казна.

### Член 3

На никого не може да му биде изречена казна за прекршок, кој пред да се направи не бил предвиден како дисциплински прекршок за кој не била предвидена казна.

### Член 4

Одредбите на овој Правилник важат и ќе се применуваат за прекршоци направени од страна на членовите и организациите на РФМ на Република Македонија како и во странски земји, овој Правилник ќе се применува подеднакво за време на натпреварите по натпреварите како и за време на патувањата и местото на одигрување на натпреварот, особено ако таквите моменти можат да му наштетат на угледот на ракометот и РФМ за време на одигрување на меѓународни натпревари во Македонија или надвор од нејзе.

### Член 5

Дисциплинските казни изречени од Меѓународната ракометна организација ( ЕХФ ), ќе се применуваат во Ракометната Федерација на Македонија само доколку се изречени за дисциплински прекршок кој е предвиден како таков со овој Правилник.

### Член 6

РФМ одговара за дисциплински прекршок ако до него дошло со чинење или не чинење на дејствија од страна на орган или одговорно лице или лице кое по својата функција било надлежно во име на РФМ да превземе или пропушти извршување на одредено дејствие.

**Член 7**

Одговорноста на надлежното лице не престанува со неговиот престанок на членство во РФМ, нејзин орган или функција.

Службените лица, играчите и претставниците на екипите кои издржуваат казна, казните им важат за сите ракометни натпревари на територијата на Република Македонија.

## II. ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕКРШОК

**Член 8**

Дисциплинскиот прекршок може да се изврши со чинење и не чинење.

Дисциплинскиот прекршок е извршен со не чинење ако сторителот пропуштил да изврши дејствие кое бил должен да го изврши.

**Член 9**

Поединецот е одговорен кога дејствието го извршил со умисла или небрижност.

Не е прекршок согласно овој Правилник ако дејствието е сторено во нужна одбрана, крај на нужда и крајна заблуда.

**Член 10**

За обид на извршување дисциплински прекршок се казнува како прекршокот да е сторен само доколку тоа е предвидено со овој Правилник.

Соучесникот и помагачот ќе се казнат како и сторителот на прекршокот или поблаго.

## III. ВИДОВИ КАЗНИ

**Член 11**

На сторителот на прекршокот може да му се изречат следните казни:

**А. На поединци**

1.Опомена
2.Парична казна
3.Забрана на играње и вршење должност на одреден број натпревари
4.Забрана на играње и вршење должност за одредено време
5.Забрана на играње и вршење должност во траење до десет години

**Б. На организации**

1.Опомена
2.Парична казна
3.Забрана на одигрување натпревари на одредено подрачје
4.Забрана на одигрување натпревари без публика на домашен терен
5. Одземање бодови
6.Враќање во понизок ранг на натпреварување

**Член 12**

Опомената се изрекува за прекршок направен под особено олеснителни околности.

Паричната казна ќе се изрече за организација или поединец кој направил прекршок со кој оствариле парична добивка или штета на поединец или организација во врска со ракометниот спорт. Паричната казна за поединеци не може да бидепомала од 3.000,оо денари ниту поголема од 25.000,оо денари.

Паричната казна на организација не може да биде помала од 3.000,оо денари, ниту поголема од 200.000,оо денари.

**Член 13**

Паричната казна може да се преиманува и за натпреварување, односно во врска со натпреварувањата кои се предвидени со прописите за натпреварување ив о нив е предвидена ова казна, но во рамките на горе наведените соодноси.

**Член 14**

Сторителот на прекршокот што е казнет со парична казна должен е истата да ја плати во рок од 8 дена, а доколку тоа не го стори може да му се изрече суспензија.

**Член 15**

Забрана на играње или вршење на должност за одреден број натпревари, подразбира забрана на играње или вршење на должност на одреден број натпревари по одреден вид на натпреварувања: првенствено натпреварување, куп натпревари, меѓународни натпревари, натпревари на репрезентацијата и турнири по календарот на РФМ.

**Член 16**

Казната забрана на играње или вршење на должност за одредено време, претставува таква забрана која се однесува на одреден временски период за сите натпревари во сите натпреварувања.

Казната забрана на играње или вршење должност на одредено време не може да биде помала од еден месец ниту поголема од две години, а истата се изрекува само во полни месеци и години.

Во случај да се изрече казна предвидена во став 1 на овој член на сторител кој во текот на изрекувањето на казната издржува порано изречена казна од овој вид, истата може да се изрече како единствена казна во траење најмногу до три години.

**Член 17**

Казната дисквалификација во траење до десет години може да се изрече за прекршок сторен под особено тешки околности кога е направен од сторител кој при извршувањето на овој прекршок изразил намерна безобзирност, одлучност, упорност или последиците на прекршокот се особено тешки како и во случај на повеќекратен поврат.

**Член 18**

Забрана на одигрување на натпреварот на одредено подрачје или забрана на одигрување на натпревари без публика на домашен терен во траење до 1 ( една ) година.

Со пропозициите за спроведување на натпреварите се одредува и минимум на растојанието на кое може да се игра натпреварот.

**Член 19**

Казна одземање на бодови не може да биде изречена за повеќе од девет бодови.

Клубот казнет со одземање на бодови ги губи бодовите од бодовното салдо кое го има до изрекување на казната, доколку нема освоено бодови, бодовите ќе се одземат кога истиот ќе ги освои во натпреварувачката сезона, а ако и тогаш нема бодови, бодовите ќе се одземат во наредната натпреварувачка сезона без разлика дали клубот го променил степенот на натпреварување.

**Член 20**

Казната враќање во понизок степен на натпреварување е најтешка дисциплинска казна и клубот со денот на правосилноста на Одлуката за оваа казна, натпреварувањето ќе го продолжи во понизок степен во наредната натпреварувачка сезона и со минус 9 ( девет ) бода.

## IV. ИЗРЕКУВАЊЕ НА КАЗНА

**Член 21**

При изрекувањето на казната се земаат во предвид сите околности кои влијаат да истата биде помала или поголема, а особено тежината на стореното дејствие и неговите последици, степенот на одговорноста (вина) на сторителот, мотивите под кое е сторено делото, околностите, како и држењето на сторителот на прекршокот.

**Член 22**

Во случај кога постојат олеснителни околности кои укажуваат дека и со поблага казна може да се постигне целта на казнување, истата може да се изрече и под предвидените граници во овој Правилник.

Намалувањето на казната се врши така што казните предвидени во Член 11 под **А.** точка 2, 3 и 4 како и под **Б.** точка 2, 3, 4 и 5 можат да се намалат најмногу до половината од минимумот на казната предвиден за тој прекршок.

Олеснителни околности постојат секогаш кога сторителот пред извршувањето на прекршокот бил примерен спортист на што укажува неговиот углед во ракометната организација, како и учеството во натпреварите на државната репрезентација.

Признавањето на сторителот на прекршокот се зема како олеснителна околносност.

При изрекувањето на казна према играчите од помлади категории (пионери), помлади младинци и младинци, може да се изрече поблага казна.

**Член 23**

Отежнителни околности постојат кога прекршокот е направен во поврат, кога постојат особено тешки последици или други околности заради кои прекршокот добил тежок облик.

Сторител во поврат е оној сторител кој порано бил казнуван за сторени прекршоци, а не поминало повеќе од една година од денот на издржаната казна.

**Член 24**

Во случај на одмерување на казна за повеќе прекршоци (стек на прекршоци) за кој истовремено се одлучува, најпрво се одредува казна за секој прекршок посебно, а потоа се донесува Одлука за заедничка казна и тоа:

-Ако за еден прекршок е утврдена казна - дисквалификација во траење до десет години, истата се изрекува како единствена казна;

-Повеќе изречени казни на забрана на играње и вршење на должноста за одреден број натпревари, се соединувааат во една единствена казна која мора да биде помала од збирот на поединечно изречените казни;

-Ако за еден прекршок е изречена казна - забрана на играње и вршење должност на одреден број натпревари, а за други, прекршок забрана на играње и вршење на должноста за определено време, тогаш се изрекува единствена казна забрана на играње и вршење должности за определено време;

-Кога за еден прекршок е изречена парична казна, а за друг било која казна освен дисквалификација во траење до десет години, се изрекуваат двете казни заедно;

-Ако се изречени повеќе парични казни единствената казна не може да биде поголема од збирот на поединечните казни.

**Член 25**

Покренувањето на дисциплинската постапка застарува во рок од три месеци од денот на извршувањето на прекршокот, односно во рок од еден месец од денот на сознавањето за извршен прекршок.

Апсолутна застареност за покренување на постапката настанува во рок од шест месеци сметано од денот на извршување на прекршокот.

## **V. ПОСЕБЕН ДЕЛ**

**Член 26**

Оној кој неспортски ќе се однесува према играч од својот или противничкиот тим, службените лица, набљудувачите за време на игра и после играта на теренот или вон теренот, а во врска со ракометниот спорт:

Ќе се казни со опомена или забрана на играње, односно вршење на должноста за време од 1 (еден) до 4 (четири) натпревари.

Под неспортско однесување се подразбира: пцовки, неспортски гестови, приговарање, неспортско прифаќање на судиски одлуки и одлуки на службени лица, предизвикување на играч од својот или противничкиот тим на службени лица и набљудувачи со зборови, движење и гестови како и со сите оние дејствија кои не се во согласност со ракометната игра и неовластено влегување на терен за време на играта и по завршување на натпреварот.

**Член 27**

**Играч кој заради многу груба игра е исклучен до крај на натпреварот**:

-ќе се казни со забрана на играње од 2 (два) до 6 (шест) натпревари.

**Член 28**

**Играч кој удри свој или противнички играч:**

-ќе се казни со забрана на играње најмалку два натпревара.

За прекршокот од претходниот став во потешки случаи како и поврат ќе се казни со забрана на играње од четири месеци до две години.

За обид се казнува.

**Член 29**

Играч кој за време на играта во теренот или надвор од теренот по завршувањето на натпреварот физички ги нападне службените лица:

-ќе се казни со забрана на играње најмалку шест месеци.

За прекршок од претходниот став во потешки случаи или во поврат ќе се казни забрана на играње од најмалку една година.

За обид се казнува.

**Член 30**

Играч кој за време на натпреварот или по завршување на натпреварот физички ги нападне гледачите:

-ќе се казни со забрана на играње најмалку шест месеци.

За обид се казнува.

**Член 31**

Службено лице или ракометен работник кој физички нападне играч или друго службено лице на натпреварот:

-ќе се казни со забрана на вршење на должноста од најмалку една година.

За прекршок од претходниот став во потешки случаи:

-ќе се казни со забрана на вршење на должноста од две години или дисквалификација до десет години.

За обид се казнува.

**Член 32**

Ракометен работник, играч или службено лице кое неспортски се однесува кон актерите на натпреварот, а на кои тој не е учесник:

-ќе се казни со забрана на вршење на сите функции во ракометниот спорт во траење од три месеци.

**Член 33**

Клуб кој не организира натпревар во согласност со прописите или не ги исполни обврските на пропозициите за натпреварување или друг акт на РФМ ќе се казни со опомена или парична казна.

**Член 34**

Клуб - организатор на натпревар на свој терен било да е сопственик или корисник на теренот, во врска со натпреварот пред, за време или после него не превзел соодветни мерки да спречи нереди или во доволна мерка не превзел дејствија за целосно спречување на нередите, како и гостинската екипа чии навивачи предизвикале или учествувале во нередот:

-ќе се казнат во полесни случаи со парична казна, а во потешки случаи, како и доколку се работи за поврат, ќе се казнат со забрана на играње на натпревари на одредено подрачје, забрана на одигрување натпревари без публика на домашен терен како и парична казна.

Овие казни се земаат алтернативно.

За потежок вид на прекршоци во смисла на претходниот став ќе се смета: физички напад од страна на публиката врз учесниците на натпреварот - играчи и службени лица ( судии, делегат, тренер, помошник на тренер или технико, претставници на екипи, лекар на екипа, лице на записнички стол, редари и др. ),

поголеми нереди на навивачите на теренот или надвор од него за време и по натпреварот.

**Член 35**

Играч или службено лице по чија вина натпреварот ќе се прекине и истиот не е продолжен (траен прекин) ќе се казни:

- Со казна на забрана на играње, односно вршење на службена должност во траење најмалку шест месеци до две години.
- Со парична казна.

**Член 36**

Ако до прекин на натпреварот дошло поради таквото однесување на екипата да натпреварот не може да се продолжи истата ќе се казни:

-Со службен резултат 10 : 0 и минус 1 ( еден ) бод од бодовното салдо и со парична казна од 100.000 до 200.000 денари .

-Екипата во натпреварување во Плај-оф биде казнета, не може да учествува во европските купови, а во новата сезона стартува со минус шест бода, а истото се однесува и на натпреварување во финале на Куп на Македонија.

**Член 37**

Екипа која неисправно го напушти игралиштето или одбие да на повик на судијата продолжи со прекинатиот натпревар, па заради тоа биде регистриран со службен резултат - ќе се казни со:

-Одземање на еден бод и парична казна.

Играч или службено лице кое ќе биде иницијатор или кој ќе ја наговори екипата да изврши прекршок од горниот став ќе се казни:

-Со забрана на вршење должноста од шест месеци до две години.

-На екипата нема да и се дозволи учество во Европските купови.

**Член 38**

Екипа која од неоправдани причини нема да настапи на првенствен натпревар ќе се казни со:

-Одземање на 1 (еден) бод од бодовното салдо, а натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 10:0 за противникот.

Екипа која неоправдано нема да настапи на натпревар во куп натпреварување ќе се казни со:

-Парична казна.

Екипа која официјално изјавува дека не гарантира безбедност на службените лица и противничката екипа ќе се казни со забрана на неиграње на свој терен и го губи правото да учествува во Европските купови.

**Член 39**

Екипа која ќе го пријави и напушти системот на натпреварување, идната сезона нема право да се натпреварува во било кој систем на натпреварување во организација на РФМ. Играчите се слободни, т.е. добиваат третман на играч со исписница без надомест и имаат право на настап веднаш.

Од горното се иземаат клубови кои на предлог на Конференција на клубовите и одлука на ОУ на РФМ , уплатат гаранција од 1.000,оо евра во динарска противредност.

Одговорното лице нема право да пријави нов клуб и нема право да обавува дејност во ракометниот спорт во траење од најмалку 3 (три) години.

**Член 40**

Играч кој настапи на официјален натпревар за друг клуб без одобрение на матичниот клуб ќе се казни со:

-Забрана на играње од еден до шест месеци.

Играч кој користи фалсификувани документи, кој настапува под лажно име или при регистрација дава лажни или неточни податоци, ќе се казни со забрана на играње до 2 (две) години.

Играч кој настапи на официјален натпревар пред да стекне право на играње или ако се наоѓа под суспензија или казна ќе се казни со:

-Забрана на играње од три месеци до една година.

Играч кој ќе настапи на официјален натпревар без лекарски преглед ќе се казни со:

-Забрана на играње до два месеци.

Службен пресравник на на клубот кој ќе ја обавува должноста на официјален натпревар под суспензија или казна ќе се казни:

-со забрана на вршење должност во траење од 1 до 6 месеци

Клубот кој ќе ги овозможи прекршоците од став еден до став четири на овој член ќе се казни со:

- Минус 1 ( еден ) бод од бодовното салдо, а натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 10:0 за противникот.

**Член 41**

Клуб кој настапи на службен натпревар, а се наоѓа под суспензија или казна ќе се казни со:

-Одземање до два бода.

Со истата казна ќе се казни клуб кој ќе настапи како противник на суспендираниот или казнетиот клуб доколку знаел или можел да знае дека настапува против суспендиран или казнет клуб.

**Член 42**

Играч кој неоправдано не настапи за свој клуб за натпревар на кој е одреден да игра ќе се казни со:

-Забрана на играње до шест месеци.

**Член 43**

Играч кој своето учество во натпреварувањето за клубот го условува со парични или други материјални погодности надвор од рамките утврдени до договорите и другите акти на клубот и РФМ ќе се казни со:

-Забрана на играње во траење од најмалку шест месеци.

**Член 44**

Играч кој неоправдано не дојде на подготовки, тренинг или натпревар на ракометните репрезентации на Македонија или истите неоправдано ги напушти ќе се казни со забрана на играње до шест месеци.

Одговорно лице во клубот кој ќе го наговори играчот да го направи прекршокот од претходниот став или ќе му оневозможи да дојде на подготовки - тренинг или натпревар на ракометната репрезентација ќе се казни со:

-Забрана на вршење на должноста во траење од најмалку шест месеци.

Доколку за прекршокот наведен во претходните ставови вина сноси клубот истиот ќе се казни со парична казна во висина од 50.000 до 100.000 ден.

Играч репрезентативец кој не се раздолжил со задолжената опрема во даден определен рок ќе се суспендира се до оној момент додека не се раздолжи со опремата.

Играч кој со намера на противничката екипа и овозможи позитивен резултат на натпреварот, не игра согласно своите можности или не се залага,
па заради тоа неговата екипа го изгубила натпреварот, а овие претходни дејствија материјално ќе се потврдат во постапка предвидена за тоа ќе се казни со:

-Забрана на играње од најмалку шест месеци.

За обид се казнува.

**Член 45**

Клубовите кои однапред го договориле резултатот на натпреварот или во текот на самиот натпревар го договориле резултатот, ќе се казнат со:

-Враќање во понизок ранг на натпреварување.

Одговорните лица кои учествувале во дејствијата од претходниот став како и службените лица кои знаеле или можеле да знаат за тоа, а не превзеле соодветни мерки истото го спречат, ќе се казнат со:

-Дисквалификација во траење до десет години.

За обид се казнува.

**Член 46**

Одговорните лица во клубовите и здруженијата кои ги навредуваат или клеветат другите клубови, РФМ, ракометните работници или функционери ќе се казнат со забрана на вршење на функција во ракометниот спорт во траење до 1 ( една) година.

**Член 47**

Доколку во ист преоден рок ракометар-ка потпише пристапница за два клуба се казнува со забрана на играње во натпреварувачка сезона во траење од 3 (три) месеци, а доколку се повтори случајот, ракоматарот-ка се казнува со забрана на играње во натпреварувачка сезона во траење од 6 месеци.

За обид се казнува.

**Член 48**

Играч или ракометен работник кој со намера на надлежниот орган на РФМ му ја отежне постапката за утврдување на материјалната висина со давање на неточни податоци или со доведување во заблуда на надлежните органи, ќе се казни со:

-Опомена.

За прекршок од претходниот став во потежок случај или во поврат, ќе се казни со:

-Забрана на играње, односно вршење на должноста од два месеци до една година.

Клуб кој ќе стори ваков прекршок, ќе се казни со:

-Опомена и парична казна.

**Член 49**

Ракометен работник кој како член на органите на РФМ несовесно ги извршува работите при што ќе овозможи корист на својот или друг клуб ќе се казни со забрана на вршење на функција од најмалку шест месеци.

За прекршок од претходниот став во потешки случаи или поврат ќе се казни со:

-Дисквалификација во траење од десет години.

За обид се казнува.

**Член 50**

Клуб кој не ги извршува обврските предвидени со актите на РФМ, одлуки, упатства и друго, ќе се казни со:

-Парична казна од 50.000 до 100.000 ден.

За потешки случаи ќе се казни со одземање на три бода и парична казна од 100.000 до 200.000 денари.

Членови на органите на РФМ кои направат ваков прекршок предвиден во став еден на овој член, ќе се казнат со:

-Забрана на вршење на должноста од најмалку три месеци.

За потешки случаи, ќе се казнат со:

-Забрана на вршење на должноста од најмалку една година или дисквалификација во траење до десет години.

**Член 51**

Клуб кој на турнеја во странство ќе оди без одобрение на надлежниот орган при РФМ ќе се казни со:

-Парична казна во висина од 50.000 денари.

**Член 52**

Клуб чии играчи и одговорни лица со своето однесување во странство, на натпреварите или надвор од нив и штетат на угледот на Република Македонија ќе се казнат со:

-Парична казна во висина од 50.000 ден. и забрана на настапување во странство од најмалку една година.

Играчи или одговорни лица кои го сториле прекршокот од претходниот став ќе се казнат со:

-Забрана на играње, односно вршење на должноста до една година.

**Член 53**

Клуб или екипа учесник во меѓународен натпревар како домаќин за слаба организација на натпревар ќе се казни парично , а за многу тежок инцидент и прекинат натпревар трајно ќе се казни со забрана на неиграње на меѓународни натпревари во траење од 2 години.

**Член 54**

Судија или службено лице, кој во одредено време не дојде да суди натпревар за кој е одреден или воопшто не дојде, а истото не може да го оправда, судијата кој благовремено не го откаже натпреварот како и судија кој го откажал натпреварот, а причините за откажување не се во согласност со прописите ќе се казни со:

-Забрана на судење од еден до шест месеци.

За прекршок од претходниот став во поврат ќе се казни со:

-Забрана на судење од најмалку шест месеци.

**Член 55**

Судија или службено лице кој го прекине натпреварот спротивно на актите на ракометната организација, ќе се казни со:

-Забрана на судење од три месеци до една година.

**Член 56**

Судија, делегате-контролор  кој во текот на судењето и обавување на должноста, направи повреда на правилата на ракометната игра или покаже нивно недоволно познавање, како и не применување и познавање на другите прописи на РФМ, во врска со одржувањето на натпреварот  ќе се казни со:

-Забрана на судење, односно обавување на делегатска-контролорска должност од еден до шест месеци.

За прекршок од  претходниот  став во поврат  ќе се казни со:

-Забрана на судење од најмалку шест месеци.

**Член 57**

Судија или службени лица кои пред, за време и по завршување на натпреварот неспортски се однесуваат или физички нападнат играч, ракометен работник, тренер, судија, делегат, записничар или мерач на време или гледач ќе се казни со забрана на функција од најмалку 6 (шест) месеци  до 2 (две) години, а во потешки случаи до 3 (три) години.

**Член 58**

Службено лице на натпревар кој благовремено не доставил извештај  за натпреварот  ( записник, контрола ) ќе се казни со:

-Забрана на вршење на должноста од еден до шест месеци.

За прекршок од претходниот став во поврат ќе се казни со:

-Забрана вршење на должноста од најмалку шест месеци.

**Член 59**

Службено лице, ракометен работник, играч кој изнесува невистини, клевети, дезинформации преку медиумите и јавните гласила во вид на организирани конференции за печат при тоа навредувајќи ги органите и телата на РФМ ќе се казни со:

-Забрана на вршење на функција во ракометен спорт во траење до 1(една) година.

**Член 60**

Ракометен работник, службено лице (делегат-контролор, судии, мерач на време, записничар, лекар и сл.) кои не ги извршуваат или спроведуваат одлуките на органите и телата на РФМ, и врши нивна опструкција т.е. не почитување ќе се казни со:

-Забрана на вршење на службена должност во траење од 6 (шест) месеци до 1 (една) години.

За прекршок од претходниот став во потешки случаи ќе се казни со:

-Забрана вршење на должноста од 3 (три) години.

**Член 61**

Судијата и службено лице на натпревар кој наплатил поголема такса од пропишаната или патни трошоци поголеми од вистинската како и трошоци на кои немаат право ќе се казнат со:

-Забрана на вршење на должноста од 3 (три) месеци до 1 (една) година.

За прекршок од претходниот став во потежок случај  или поврат, ќе се казни со:

-Забрана на вршење на должноста од најмалку 1 (една) година до 3 (три) години.

За обид се казнува.

**Член 62**

Судија кој суди натпревар, а се наоѓа под суспензија или казна ќе се казни со:

-Забрана на судење од шест месеци до една година.

Судија или службено лице со недоволна ажурност и вистинитост ги даде своите изјави на записник за натпревар при што оневозможиле дисциплинскиот орган при РФМ да ја утврди вистината ќе се казнат со забрана на вршење на должноста од најмалку шест месеци.

**Член 63**

Судија или службено лице на натпревар кој прими пари или други материјални погодности заради овозможување на позитивен резултат на натпреварот за една од екипите ќе се казни со:

-Забрана на судење, односно вршење на должноста од две години или дисквалификација во траење до десет  години.

Лицето кој ги дал парите и другите материјални погодности заради правење на прекршокот од претходниот став и доколку е член на ракометната организација ќе се казни со иста казна.

За обид се казнува.

Лицето кое го извршило прекршокот од претходниот став, меѓутоа истиот навремено го пријавил до надлежниот орган на РФМ ќе се казни поблаго.

**Член 64**

Судија или делегат-контролор кој добие покана за судење или вршење на делегатска должност во странство ( освен званични делегирања на ЕХФ или ИХФ) должен е да го извести РФМ. Во спротивно ќе биде казнат со:

-Забрана на вршење на должноста во траење од 3 (три) месеци.

За прекршок од претходниот став во потежок случај  или поврат, ќе се казни со:

-Забрана на вршење на должноста од најмалку 1 (една) година до 3 (три) години.

**Член 65**

Ако член на РФМ или одговорно лице бараат од другите членови на РФМ, или клубови пари или друга  материјална корист да нешто стори или не стори, а што е по нормативните акти должен да направи, ќе се казни со:

-Забрана на вршење должноста на сите функции во ракометниот спорт во траење од најмалку две години или дисквалификација до десет  години.

## <u>VI. ПРОЦЕСНА  ПОСТАПКА</u>

**Член 66**

<u>1. ДИСЦИПЛИНСКИ  ОРГАНИ</u>

Дисциплински органи на РФМ се сите оние органи кои што се предвидени во Статутот на РФМ.

**Член 67**

Дисциплинската постапка започнува со вложување на протест (жалба):

1.Извештај - изјава на судијата или делегатот;

2.Пријава на клубот, органот или други тела на Ракометната федерација, здружението на клубовите, тренерите, судиите, контролорите и други службени лица;

3.Писмена пријава на членови на Управниот Одбор на РФМ;

4.По службена должност кога дисциплинскиот орган дознае за дисциплинскиот прекршок.

**Член 68**

Пријавата се поднесува до првостепениот надлежен дисциплински орган кој одлучува за отпочнување на постапката.

Ако дисциплинскиот орган утврди дека не е надлежен за пријавениот дисциплински прекршок, пријавата ќе ја достави до надлежниот орган на Ракометната федерација на Македонија.

**Член 69**

Во дисциплинската постапка се сослушуваат сторителите на прекршокот, сведоци, вештаци, како и сите овластени службени лица на ракометната организација што учествувале во организација и одржување на натпреварот.

Во случај да пријавата за дисциплинскиот прекршок биде запишана на записник за одигран натпревар, службеното лице - делегатот е должен да ја сослуша страната која го извршила прекршокот со земање на изјава, а ако од објективни причини не е во можност да истото го направи должен е неговата изјава како и изјавата на ислушаното лице во рок од 48 часа да ја достави до надлежниот дисциплински орган.

Доколку тоа не го направи дисциплинскиот орган ќе одлучи согласно расположивите материјали кој ги има за настанатата состојба, а против овие службени лица ќе покрене постапка и истите ќе ги казни согласно Член 57 од овој Правилник.

**Член 70**

Ако сторителот на прекршокот не даде изјава или не достави писмена изјава ќе се смета дека е сослушан и одлука ќе се донесе на основа на материјалот што е на располагање.

**Член 71**

Сторителот на дисциплинскиот прекршок има право да бара да биде поканет на свој трошок на седницата на дисциплинскиот орган од прв и втор степен.

**Член 72**

Дисциплинската постапка треба да е итна и ефикасна.

**Член 73**

Ако со водењето на дисциплинската постапка се направат трошоци, надлежниот дисциплински орган ќе ја утврди нивната висина и ќе назначи кој е должен да ги сноси тие трошоци.

Трошоците на дисциплинската постапка од прв и втор степен, како и постапката на вонредните правни поуки паѓаат на товар на сторителот на прекршокот, доколку истиот биде прогласен за виновен за сторениот прекршок.

## 2. СУСПЕНЗИЈА

**Член 74**

Суспензијата може да биде:

1.Автоматска;

2.На основа на одлука на дисциплинскиот орган.

**Член 75**

Автоматска суспензија настапува кога играчот биде исклучен - дисквалификуван на службен натпревар освен на натпревари кои се играат во организации на ЕХФ или ИХФ за која важат актите на тие организации.

Не се смета за исклучен - дисквалификуван играч кој ја добил дисквалификацијата поради третото исклучување на две минути.

**Член 76**

Автоматската суспензија настанала со исклучување на играчот на првенствен или куп натпревар и трае во согласност на одредбите од овој Правилник, а не се однесува на пријателски натпревари.

**Член 77**

Автоматската суспензија трае до еден месец, а со Одлука на дисциплинскиот орган во случај да во тој рок дисциплинската постапка не можела да биде завршена, истата може да се продолжи на уште еден месец.

Дисциплинскиот орган може да донесе одлука за престанување на автоматската суспензија.

**Член 78**

Ако клуб - играч и службено лице, во одреден рок утврден со општите акти или Одлука на надлежен орган не ја уплати одредената парична казна или не ја исполнат обврската према друг клуб, РФМ преку своите органи може да донесе одлука за суспендирање по што ќе следи покренување на дисциплинска постапка.

Суспензијата ќе почне да тече од денот на поминување на оставениот рок за исплата на паричната казна или исполнување на обврската.

Суспензијата може да се укине во следните случаи:

1.Со одлука на надлежниот дисциплински орган, кога се утврдило дека престанале причините за суспензија;

2.Автоматски после извршување на уплатата за целосниот износ на паричната казна или по исполнувањето на обврската, само ако со Одлуката за суспензија е така предвидено.

**Член 79**

Дисциплинскиот орган може на сторителот на прекршокот да му ја изрече суспензијата во секој случај кога е покрената дисциплинска постапка, а за сторениот прекршок е предвидена казна.

Суспензијата од претходниот став почнала да тече со денот на приемот на Одлуката - известувањето и може да трае до еден месец, а во посложени случаи и до два месеци.

**Член 80**

Времето поминато под суспензија се смета време поминато во казна.

**Член 81**

Доколку за сторениот прекршок се покренати кривична или друга постапка пред надлежни органи суспензијата може да трае и подолго од два месеци, а најдолго до конечност на тие постапки.

## 3.ОДЛУКА НА ДИСЦИПЛИНСКИОТ ОРГАН

### Член 82

За полноважно одлучување на седница на дисциплинскиот орган треба да присуствуваат повеќе од половина членови на тој орган.

Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на органот.

### Член 83

Дисциплинската казна и суспензијата кои се изречени во врска со прекшокот сторени во натпреварувањето се објавуваат во "Службениот билтен за натпреварување", или на "интернет страницата на РФМ".

Во останатите случаи Одлуката за казна се прави како посебна и истата треба да содржи:

-Увод
-Изрека (диспозитив)
-Образложение и
-Правна поука

Во "Службениот билтен на РФМ" , како и во посебната одлука се утврдуваат сторителите на дисциплинскиот прекршок, описот и видот на повредата, основот за извлекување на казна, видот и висината на казната, времето од кога почнува да тече казната, како и правната поука.

Во посебната одлука за казната се содржи името и составот на дисциплинскиот орган, правниот основ на надлежноста, местото и времето на донесување на одлуката, основот за прекинување на постапката, анализа на изведените докази како и отежнатите и олеснителните околности за одмерување на казната.

### Член 84

Одлуката на дисциплинскиот орган се доставува лично, со препорачана пошта или се објавува на "интернет страницата на РФМ".

Во случај на итноста казната може да се соопшти по телеграма на адреса на клубот чиј тим или играч се казнуваат.

## 4. ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА

### Член 85

Против одлука во прв степен може да се поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од приемот на истата.

Со пропозициите на системот за натпреварување, односно со одлука на надлежен орган може да се пропише плаќање на такса за жалбата или да се депонира аконтација на име на трошоци во постапката по жалба.

**Молбата се доставува преку првостепениот орган до второстепениот орган.**

Првостепениот орган е должен во рок од 3 (три) дена да постапи по наводите на жалбата и доколку најде дека по истата нема што да се изјаснува, жалбата ќе ја достави до второстепениот орган во рок од 3 (три) дена. Доколку жалбата со уплатена такса не е доставена во определениот рок, истата не се разгледува и се одбива како неоснована и не се проследува до Второстепениот орган. Како време на поднесување на жалбата  и уплата на таксата (благовремен рок) се зема времето кога жалбата е доставена непосредно преку архивата на РФМ или е предадена по пошта со препорачана пратка.

**Член 86**

За куп натпревари како и натпреварите на Плеј-оф на Македонија, органот надлежен за решавање по жалбата истата мора да ја реши во рок од 48 часа.

**Член 87**

**Жалбата можат да ја поднесат:**

1.Казнетиот

2.Подносителот на извештајот или пријавата

3.Клуб, играч или одговорно лице што е казнето

4.Орган чиј  член е казнет.

**Член 88**

**Жалбата на Одлуката за казна не го задржува извршувањето на казната како и не ја задржува суспензијата.**

**Член 89**

Првостепениот орган ако утврди дека жалбата не е благовремена, недопуштена, изјавена од неовластено лице или за истата не е уплатена пропишана такса, односно аконтација, жалбата ќе ја отфрли.

За отфрлање на жалбата првостепениот орган донесува решение на кое заинтересираната странка може во рок од 8 (осум) дена да приложи жалба до второстепениот орган.

**Член 90**

**Решавајќи по жалбата второстепениот орган може:**

1.Жалбата да ја одбие и првостепената одлука да ја потврди;

2.Жалбата да ја уважи и првостепената одлука да ја укине и предметот да го врати на првостепениот орган на повторно одлучување;

3.Жалбата да ја уважи и првостепената одлука да ја преиначи.

**Член 91**

Ако жалбата е изјавена само во корист на казнетиот во понатамошната постапка против него не може да се изрече потешка казна.

**Член 92**

Одлуката на второстепениот орган е конечна.

## 5. ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

**Член 93**

Вонредни правни поуки против конечна одлука се:

1.Предлог за повторување на постапката

2.Барање за заштита на законитоста и

3.Вонредно ублажување на казна.

**Член 94**

Предлог за повторување на постапката може да се предложи:

1.Ако се докаже дека конечната одлука е заснована на лажни докази или изјави;

2.Ако се утврдат нови факти и докази кои битно би влијаеле при донесувањето на одлуката, а кои во времето на донесување на одлуката не биле познати.

**Член 95**

Предлогот за повторување на постапката се поднесува до првостепениот орган во рок од 30 дена од денот на дознавањето на лажните докази и изјави, односно од денот на сознавањето на новите факти и докази, а најдоцна во рок од една година од денот на конечноста на одлуката.

**Член 96**

Органот кој ја донел првостепената одлука може во предлогот за повторување на постапката да донесе решение со кое истиот ќе го отфрли како не благовремен, недопуштен или неоснован. Ако органот најде дека предлогот за повторување на постапката е основан ќе спроведе нова постапка и ќе донесе нова првостепена одлука. На решението од став еден на овој член не е дозволена жалба.

**Член 97**

Против одлука донесена во дисциплинска постапка може да се побара заштита на законитоста во рок од три месеци од денот кога поминал рокот за жалба против првостепена одлука, односно од денот на приемот на конечната одлука.

**Член 98**

**Барање заштита на законитоста може да се превземе:**

1. Ако дисциплинскиот орган бил неправилно составен или ако во донесувањето на одлуката учествувал член кој не можел да одлучува;

2. Заради погрешна примена на материјалното право на одредбите на овој Правилник или другите општи акти во кој се содржат одредби за дисциплинска одговорност.

**Член 99**

Барање заштита за законитост може да покрене и Претседателот на УО на РФМ, во рокот предвиден во Член 96 од овој Правилник.

**Член 100**

За барањето заштита на законитоста одлучува УО на РФМ.

УО барањето на заштита на законитоста може да го одбие како неосновано или да го усвои.

Доколку УО најде дека барањето е основано за истото може да донесе Одлука како и може предметот да го врати на првостепениот или второстепениот орган на повторно одлучување.

**Член 101**

Кога постојат несомнени докази дека со изречената казна се остварило воспитно ресоцијализаторска улога во спортска смисла, Собранието на органот кој

донел конечна одлука може на молба на сторителот да донесе одлука за ублажување на казната или ослободување од понатамошното издржување.

**Барањето за вонредно ублажување на казната не може да се поднесе пред поминување на време помало од половината на предвидената казна.**

## ВИИ.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 102**

Дисциплинските постапки започнати пред влегување на сила на овој Правилник ќе се завршат по одредбите на Дисциплинскиот Правилник на РФМ во случај ако истите се поволни за сторителот.

**Член 103**

Право на толкување на одредбите на овој Правилник има Управниот Одбор на Ракометната федерација на Македонија.

**Член 104**

Со донесување на овој Дисциплински правилник, престанува да важи Дисциплинскиот Правилник на РСМ донесен на ден 10. 11. 2004 година. Дисциплинскиот Правилник стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 105**

Овој Правилник ќе биде објавен на интернет страницата **њњњ.рфм.орг.мк** - официјална интернет страна на Ракометната федерација на Македонија.

Скопје, 01. 10. 2009 год

***РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
***УПРАВЕН ОДБОР***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ,***
***Михајло Михајловски***